2.Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-314/11**
**26.02.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.22/24) и член 23 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 6-та седница одржана на ден 25.02.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце за 2025 година бр. 0103-31/1

од 06.02.2026 година, усвоен од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце со Одлука бр.0201-43/1 од 13.02.2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.09-277/14**
**25.02.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишна Завршна сметка на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце за 2025 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишната Завршна сметка на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, донесен на 6-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.02.2026 година.
2.Заклучокот за усвојување на Годишната Завршна сметка на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-314/12**
**26.02.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, и „Слжбен весник на Република Северна Македонија'' бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр.22/24) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 06-та седницата одржана на ден 25.02.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година, заведена под број 0103-30/1 од 06.02.2026 година со дадено Позитивно мислење бр.0202-36/1 од 13.02.2026 година од Надзорниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце и усвоена од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-42/1 од 13.02.2026 година.

2 . Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.09-277/15**
**25.02.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решениието за давање на Согласност на измена на Годишниот план за вработување за 2026 година во ООУ„Христијан Тодоровски Карпош''-Ранковце**

1.Се прогласува Решението за давање на Согласност на измена на Годишниот план за вработување за 2026 година во ООУ„Христијан Тодоровски Карпош''-Ранковце донесено на 6-та седница на Советот на Општина Ранковце, одржана на ден 25.02.2026 година.
2. Решението за давање на Согласност на измена на Годишниот план за вработување за 2026 година во ООУ„Христијан Тодоровски Карпош''-Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-314/13**
**26.02.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22) и член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Ранковце на 6-та седница одржана на ден 25.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на измените на Годишниот план за вработување во О.О.У. „ Христијан Тодоровски - Карпош, Ранковце за 2026 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на измените на Годишниот план за вработување во О.О.У. „ Христијан Тодоровски - Карпош, Ранковце за 2026 година, донесени од Директорот на О.О.У. „Христијан Тодоровски - Карпош, Ранковце на ден 23.01.2026 година и заведен под бр.02-51/1.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-277/16**
**25.02.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година**

1.Се прогласува Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година, донесена на 6-та седница на Советот на Општина Ранковце, одржана на ден 25.02.2026 година.

2.Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-314/14**
**26.02.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 150/15, 37/16) и член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 6-та седница одржана на ден 25.02.2026 година донесе

# ПРОГРАМА
## за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година

**Вовед**

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот на заразни заболувања, појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје, како и можност за појава на тропски и субтропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори.

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат постојано присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти.

Присуството на комарците, крлежите и другите штетни инсекти, како и присуството на глодарите е перманенто присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се обезбеди заштита на населението од штетните влијанија на овие биолошки врсти. Болестите при кои причинителот на заболувањето се пренесува од еден на друг домаќин преку живи преносители (вектори) се нарекуваат трансмисиони заразни болести. Векторите кои ги пренесуваат овие заболувања припаѓаат на артроподите односно инсектите и крлежите.

Трансмисиони заразни болести се: Зика вирусна инфекција, Конго-кримска хеморагична треска, Вирус од Западен Нил, Хеморагична треска, Чукунгунија, Лајмска борелиоза, Лајшманиоза, Маларија, Денга и Рикеција коноири.

Поради тоа потребно е превентивно да се презмемаат соодветни мерки за нивно спречување, уништување на векторите и едукација на населението за соодветна лична заштита. Една од општите мерки за превенција и контрола на заразните болести се дезинсекција и дератизација.

Со оваа Програма се утврдуваат епидемиолошките карактеристики на трансмисионите заболувања, начинот на организирањето на дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце во 2026 година, периодот на вршење на активностите и финансирањето на истите.

1. **Карактеристики на Општина Ранковце**

Територијата на Општина Ранковце се наоѓа во североисточниот дел на РСМ, го зафаќа просторот на Славишко Поле, кое му припаѓа на сливното подрачје на Крива Река. Општина Ранковце претставува природна, географска и економска целина на 18 населени места и зафаќа површина од 242,55 km. Општинскиот центар е лоциран во селото Ранковце и спаѓа во групата на мали општини. На територијата на Општина Ранковце постојат повеќе постојани или повремени водени површини: реки, потоци, канали (вади), вештачки езера и други слични површини, како и диви депонии кои претставуваат идеални места за размножување и опстанок на глодарите и инсектите.

## 2. Мерки

Појавата и потенцијалната опасност или закана од појава на заболувања пренесени преку комарци и други вектори, наметнува итна примена на општи мерки за раното откривање, спречување и сузбивање на заразните болести.

### I. Дезинсекција

Дезинсекцијата има за цел редукција на инсектите и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мера ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава околина.
Превентивната дезинсекција се изведува на два начини:

- **Ларвицидна дезинсекција** - претставува уништување на комарецот во фаза на ларва и се спроведува во март и април на стоечка водена средина, бари, канали и други места во кој водата останува повеќе од 5 дена.
- **Адултицидна дезинсекција** – претставува уништување на возрасните единки на комарецот која се изведува преку прскање, оросување, замаглување, авионска и терестичка дезинсекција и се спроведува околу жаришта односно легла на комарци.

Комбинацијата од лаврцидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение и истите треба континуирано да се изведуваат од рана пролет до касна есен на стручен и организиран начин.

### II. Дератизацијата

Дератизацијата претставува збир на мерки и постапки кои се применуваат во борба против глодарите.

- **Задолжителната и системската дератизација** се спроведува со цел:

- Отстранување на ризикот од појава и ширење на заразни болести кои ги пренесуваат глодарите;
- Отстранување на економските штети кои настануваат како последица на уништувањето и загадувањето на храната од страна на глодарите;
- Спречување на контаминација на објектите.

Системската дератизација се спроведува во месеците Март/Април и Октомври/Ноември.

3. **Планирани активности**

Општина Ранковце во соработка со Центарот за јавно здравје од Куманово/ПЕ-КР. Паланка ќе превземе соодветни мерки за спречување на заразните заболувања:

- Подигнување на свеста на населението преку медиумите;
- Теренска проценка на околината во тек на цела година;
- Мапирање на сите стоечки води, бари, мочуришта на територијата на Општина Ранковце;
- Употреба на заштитни мрежи на вратите и прозорците во домовите;
- Примена на заштитни средства (репеленти) во облик на лосион, аеросол спреј или крем за кожата, примена на облека која ги одбива комарците;
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите;
- Редовно чистење на олуците за да се овозможи истекување на водата;
- Отстранување на застојаните води (бари) по дворовите, во буриња, канти, пластични шишиња и чаши, автомобилски гуми и сите други предмети каде што се задржува вода која претставува средина за множење на комарци;
- Да се одбегнува излегување и престој надвор во зори или во самрак кога комарците се најактивни.

Исто така на територијата на Општина Ранковце ќе се спроведе терестична дезинсекција против возрасни комарци (Адултицидна дезинсекција) во 2 (два) наврата јуни и август и терестична дезинсекција против ларви (Ларвицидна дезинсекција) во 1 (еден) наврат, во првиот момент од годината кога ќе се создадат услови за тоа.
Аеросолната дезинсекција ќе се изведува во раните утрински часови, во денови на викендите, заради намалено движење на граѓаните и тоа при поволни временски услови, без ветер, дожд и слично. Конкретните датуми ќе се утврдуваат во зависност од метеоролошките состојби. При неповолни временски услови назначените термини се одложуваат за првиот нареден поволен термин. Заради безбедно и ефикасно извршување на работите, граѓаните навремено ќе бидат информирани преку печатените и електронските медиуми за времето и начинот на спроведувањето на дезинсекцијата.
Дератизација на територијата на Општина Ранковце ќе спроведе Јавното комунално претпријатие „Чист ден“, Ранковце, и тоа во 2 (два) наврата.

Активностите ќе се спроведуваат на следниве локации:

- Рибник „Гогомонд“
- Влез во село Ранковце
- Вирови во село Љубинци
- Езерца во село Гиновци и рибник Парк Гиновци
- Одредени подрачја на село Петралица
- Одредени подрачја на село Псача
- Опила-трски
- Гиновци-спортски центар покрај река

4. **Очекувани резултати**

Со реализација на оваа Програма се очекуваат следните резултати:

- Спроведување на редовна годишна превентивна дезинсекција и дератизација;

- Унапредување на здравјето на граѓаните на Општина Ранковце и заштита од заразни заболувања;
- Ставање под контрола на размножувањето на штетниците и глодарите;

**5. Финансирање**

Финансирањето на оваа Програма се врши од средствата предвидени во Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година и од Буџетот на ЈКП „Чист ден"- Ранковце за 2026 година.

**6. Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр. 09-277/17**
**25.02.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**

1.Се прогласува Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година, донесена на 6-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.02.2026 година.
2. Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-314/15**
**26.02.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија") бр.5/02 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24 ), член 26 став (1) алинеја 6 од Законот за

експропријација („Службен весник на Република Македонија “ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21 и 111/23) и член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11 и 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 06-та седница одржана на ден 25.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**

**член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година, за надомест на недвижен имот – земјиште утврдено во Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за експропријација за К.О. Псача бр.179/3-2022 од 09.05.2022 година, изработен од Друштво за геодетски работи, проектирање, инжинеринг и консалтинг ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје, врз основа на Основен проект за реконструкција на локален пат село Псача - село Одрено со пристапни патишта кон Брбовска маала, Ранкиева маала, Радева маала и Циганска маала, Општина Ранковце, книга 1 Реконструкција на локален пат село Псача - село Одрено со тех.бр.Г_519/2020 од Септември 2020 година – за надамост на недвижен имот- дел од КП бр.2625 за КО Псача, а изградбата на истиот претставува јавен интерес утврден со закон.

**член 2**

Вкупниот износ на средства планирани за експропријација за надомест на недвижен имот – за дел од КП бр.2625 за КО Псача се утврдени на износ од 19.404,00 денари во Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот за трајна експропријација за потребите на Општина Ранковце Бр.02-19/2 од 18.02.2026 година, изработен од Друштво за проценка и консултантски услугу ПРИМА ТИМ ДОО Охрид. Средствата се резервираат во Буџетот на Општина Ранковце, од Програмата ЈД-изградба и реконструкција на локални патишта и улици, ставка 485 - вложување и нефинансиски средства, потставка 485420 - надомест за одземен имот.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-/277/18**
**25.02.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

## **С О Д Р Ж И Н А**


1. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4250, к.п.4251, КО Ранковце**
2. **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4250, к.п.бр4251, КО Ранковце**
3. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4853, КО Ранковце**
4. **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4853, КО Ранковце**
5. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4983/1, КО Ранковце**
6. **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4983/1, КО Ранковце**
7. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци за к.п.бр.1309, КО Гиновци**
8. **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци за к.п.бр.1309, КО Гиновци**
9. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача за к.п.бр.4649, к.п.бр.4650 и к.п.бр.4772, КО Псача**
10. **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача за к.п.бр.4649, к.п.бр.4650 и к.п.бр.4772, КО Псача**
11. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на Ј.С.П-Ранковце за 2025 година**
12. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Завршна сметка на Ј.С.П. Ранковце, за 2025 година**
13. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце од 2025 година, за четврт квартал**
14. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за четврт квартал**
15. **З А К Л У Ч О К За прогласување на Заклучок за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце од 2025 година, за четврт квартал**
16. **З А К Л У Ч О К За усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за четврт квартал**

17. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година**
18. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година**
19. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце за 2025 година**
20. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година**
21. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце за 2025 година**
22. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025година**
23. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишна Завршна сметка на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце за 2025 година**
24. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година**
25. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решениието за давање на Согласност на измена на Годишниот план за вработување за 2026 година во ООУ„Христијан Тодоровски Карпош''-Ранковце**
26. **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на измените на Годишниот план за вработување во О.О.У. „ Христијан Тодоровски - Карпош, Ранковце за 2026 година**
27. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година**
28. **ПРОГРАМА за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2026 година**
29. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**
30. **О Д Л У К А за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**


---